РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-3774/4

05-11-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 54-тата седница одржана на ден 01.11.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-3774/1 од 08.10.2021 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневања за активности за време на изборниот процес кои претставуваат прекршувања на Изборниот законик **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 08.10.2021 година, поднесена е пријава со наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања за време на изборната кампања Локални избори 2021 за што е оформен е предмет број 12-3774/1 од 08.10.2021 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомневања за незаконско финансирање на изборната кампања од страна на коалицијата „Најдоброто за мојата општина" предводена од СДСМ на начин што со злоупотреба на службена позиција директорот на ЈП ПОЦ Центар дозволил користење на јавен простор од катната гаража во сопственост на ЈП ПОЦ на булевар Гоце Делчев кај судска палата, да биде искористен како простор за изборни целип реку објавување на паноа на фасадата на наведениот објект.

За проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барање до ЈП ПОЦ - Центар, за добивање на податоци, документи и информации за начинот на користење на објектите/јавните паркиралишта - катни гаражи на територијата на Општина Центар како простор за рекламирање, за нивно користење за комерцијално изложување плакати и објавување на рекламни паноа; донесени акти од јавното претпријатие по однос на тоа за кои намени може да се користат објектите како простор/површина за објави, за висината на услугата за користење на просторот за рекламирање - комерцијално изложување плакати и објавување на рекламни паноаза договорите кои јавното претпријатие ги има склучено со учесници во изборите за рекламирање во изборната кампања на Локалните 2021 година и износот на уплатени средства по однос на склучените Договори.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации со документација и од увидот во истата констатирано е следното:

- Во статутот на ЈП ПОЦ од 2015 година, во насока на остварување на приходи од дејноста предвидено е продажба на време и простор за различни видови медиумско претставување, како и издавање или управување со недвижен имот.
- За утврдување на вредноста за изнајмување на просторот по претходна постапка со прибирање на понуди за набавка на услуги- проценка на надворешен дел на фасада од катна гаража за утврдување на цена за метар квадратен заради поставување на рекламни објекти, ангажиран е проценител. Во спетември 2019 година, издаден е извештај кој е доставен до општина Центар за добивање согласност.
- Преку јавен повик во 2020 година спроведена е постапка за избор на правно лице кое ќе располага со просторот за објавување на реклами паноа и во јуни 2020 година склучен е договор со ---------------------- за период од 15 години и годишен надомест од 86.621 со ддв, што е повисок од утврдената ведност од проценителот.
- Од страна на ЈП ПОЦ доставени се докази дека обврските за закуп на просторорот за 2020 и 2021 година се навремено и во целост исплатени.

Закупот на просторот за објавување на паноа за кандидат за градоначалник на Скопје и на општина Центар е реализиран меѓу коалицијата „Најдоброто за мојата општина" предводена од СДСМ и друго правно лице, а не директно со директорот на ЈП ПОЦ Центар.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување по што ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до:
- Подносителот

Изработил: Ј.Ц.
Особрил: К.Н.,член на ДКСК